**20192543959**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 15 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 декември 2019 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА ЗА 2019 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2019 година („Службен весник на Република Македонија” бр. 15/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 232/19) во делот I во воведната реченица износот „90.000.000,00“ се заменува со износот „27.860.000,00“, износот „50.000.000,00“ се заменува со износот „21.255.070,00“ и износот „40.000.000,00“ се заменува со износот „6.604.930,00“.

Табелата се менува и гласи:

“

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка во рибарството | 2.060.000,00 |
| | | |
| 2. | Финансиска поддршка во аквакултурата | 200.000,00 |
| | | |
| 3. | Техничка помош | 100.000,00 |
| | | |
| 4. | Пилот проекти | 400.000,00 |
| | | |
| 5. | Развој на нови пазари и промотивни кампањи | 100.000,00 |
| | | |
| 6. | Нереализирани обврски по однос на склучени договори и поднесени барања за исплата на средства од Програмите за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2017 и 2018 година | 25.000.000,00 |
| | Вкупно | 27.860.000,00 |

“

II

Во делот II став (1) во воведната реченица износот “8.383.229,00” се заменува со износот “2.060.000,00”.

Табелата се менува и гласи:

| 1. | Финансиска поддршка во рибарството | | |
|---|---|---|---|
| | Мерка | Опис | Средства |
| | | | |
| 1.1. | Финансиска поддршка за порибување на риболовни подрачја | 100% од прифатливи трошоци | 1.500.000,00 |
| | - Дојранско Езеро со подмладок од крап | | 750.000,00 |
| | - Преспанско Езеро со подмладок од крап | | 750.000,00 |
| | | | |
| 1.2. | Финансиска поддршка за порибување на води без концесионер и риболовни зони | 100% од вредноста на набавениот подмладок | 160.000,00 |
| | -води без концесионер со подмладок од пастрмка и крап | | 150.000,00 |
| | - риболовни зони | | 10.000,00 |
| | | | |
| 1.3. | Риболовни пунктови – изградба на нови, реконструкција и адаптација на постоечки риболовни пунктови, надомест за услуга за користење на постоечки пунктови | 100% од вредноста на инвестицијата или од надоместот за услугата | 100.000,00 |
| | | | |
| 1.4. | Финансиска поддршка за рехабилитација на риболовни води со доградба, надградба и опремување на постоечките капацитети/мрестилишта за производство на репродуктивен и порибителен материјал | 100% од прифатливи/одобрени трошоци | 100.000,00 |
| | | | |
| 1.5. | Изградба и реконструкција на мандри за традиционален лов на риба на Дојранското Езеро | 100% од прифатливи/одобрени трошоци | 100.000,00 |
| | | | |
| 1.6. | Дополнителна заштита на рибите во риболовните води | 100% од прифатливи трошоци | 100.000,00 |
| | Вкупно | | 2.060.000,00 |

III

Во делот III став (1) во воведната реченица износот “50.220.845,00” се заменува со износот “200.000,00”.

Табелата се менува и гласи:

“

| 2. | Финансиска поддршка во аквакултурата | | |
|---|---|---|---|
| | Мерки | Опис | Средства |
| | | | |
| 2.1. | Финансиска поддршка за инвестиции во аквакултурата | 50% од вредноста на инвестицијата | 100.000,00 |
| 2.2. | Финансиска поддршка за порибителен материјал | 40% од вредноста на набавениот или сопствен подмладок | 100.000,00 |
| | Вкупно | | 200.000,00 |

“.

IV

Во делот IV во ставот (1) износот “500.000,00“ се заменува со износот “100.000,00”.

V

Во делот V во ставот (1) износот “2.000.000,00“ се заменува со износот “400.000,00”.

VI

Во делот VI во ставот (1) износот “500.000,00“ се заменува со износот “100.000,00”.

VII

Во делот VII износот “28.395.926,00“ се заменува со износот “25.000.000,00”.

VIII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 45-9958/1
10 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.